ДОМ НА МЛАДИТЕ "25 МАЈ"

Галериіа

# МИХАИЛО РИСТИЌ

Mihailo Ristić

Скопіе. 1987.

" Развојот на технологиите и медиите овозможува синтеза на сите видови на уметничко творештво во видеото. Видео продукцијата во светот е многу хетерогена поради влегувањето на многу уметници од многу области во медиумот на видеото. Уметниците воглавно ги задржуваат своите искуства од претходните медиуми /музика филм. сликарство. перформанс/ и ретко успеваат да ја достигнат специфичноста на видео изразот. Денес се многу видливи неколку правци како што се новата наративност. работи ориентирани на дигитална обработка на сликата / компјутерски анимирана графика. синкретички/мултимедијален/ видео и сл.

Меѓутоа. технологијата не мора да биде пресудна. па техничката неперфектност не независната алтернативна видео продукција затоа носи доза на животност. спонтаност и радикалност во сензибилитетот во однос на многу високо технолошки. перфекционистички. на често пати стерилни видео остварувања со традиционалистички израз близок до уметничката телевизија и формалните. ликовни и филмски дела.



Креативен импулс, 1983/84

"Јас веќе три години работам во потполно независна продукција разбирајќи го видеото како лично и сеопфатно средство за изразување кое ми овозможува да комуницирам и да ја изразам повеќеслојноста. повеќедимензионалноста и сложеноста на човечкото искуство. Се занимавам и со литературно преведување. приредување. публицистика. со теорија на видеото. но и со наменско видео."

/од интервјуто со М.Милошевиќ
во "Беорама" /март ·87/

## " ЕГО-УМЕТНОСТ НА НАДВОРЕШНИОТ ИЗГЛЕД И ОДНЕСУВАЊЕ "

VHS. 1984.
9'50''
текст/глас: М.Ристиќ
музика: Зоран Петковиќ

двоканална проекција:



Креативен импулс, 1983/84

На првиот /лев/ канал се одвива мултимедјално сложување на слики во вистинско време. По пат на манипулација со призорите од минато

се евоцираат моменти од сопствената историја на надворешниот изглед и однесување, односно на нарцисоидноста на разбеснетиот, разоткриен его. Авто биографските кажувања и исповедничките ноти го драматизираат и интензивираат моментот на перформансот/ритуалот на прочиствувањето и присетувањето на своето дамнешно и скорашно минато. Се содржат и во визуелна и во звучна смисла самокритички и самоафирмативни моменти, се доведуваат во меѓусебна врска, се спротивставуваат, се испреплетуваат. Визуелната грађа е однапред припремена и структурирана. Текстот е истотака однапред утврдена концепција. Меѓутоа, очигледно е и повратното влијание на сликата на општото расположение. Визуелната грађа е дадена учетиристручено со контрапункти /перцептуални и концептуални/ што овозможува објективен увид во состојбата и го олеснува толкувањето и разбирањето на сложените индивидуални психички состојби.

Очигледно е дека се излегува од рамката на потесното уметничко поимање на себе/светот и се прави напор да се прошири творечкиот чин на пообјективно поимање на светот. Авторот со беспоштедна, но и лирска манипулација на визуелната грађа и со нарација обликува, преобразува, ги преиспитува сопствените погледи на своето тело, навики, однесување, размислување, односно

употребата на телото и психата како проширени медиуми /со филм. дијапозитиви и видео/ ја користи за обид. со вивисекција на својот "интимен" живот ги поттикне другите на непосредно размислување за универзалноста на ваквите и слични појави во современото општество.

Вториот /десен/ канал го опфаќа истото временско дејствие кое е на специфичен начин преработено по пат на видео медиумот. однос но по пат на снимање на преобразувањето на истата граѓа од ТВ екранот со додадени модификации на бојата. растерот/зрното. динамиката. изостреноста. со фиксација и контрапунктирање на драматургијата итн. Со чинот на умногустручување на сликата се нагласуваат процесите на животот. субјект-објект динамиката. општествените противречности и го естетизира севкупното искуство. Музиката е компонирана спрема сликата на што особено му се заблагодарувам на



својот пријател Зоран Петковиќ кој покажа толку слух и разбирање за оноа разположение/искуство кое сакав да го доловам, пренесам и поделам со другите.

/М.Р./





Видео, филм, аудио и его ..., 1983



Сатор ротас, 1982

SATOR ROTAS

Роден 1953 г. Член на УЛУС во секцијата за проширени медии.

1969-1973. живее во Лондон и го прати авангардниот филм. уметничка фотографија. електронска музика и сликарство.

1970-1972. филм: КИНЕМАТОГРАФСКА ЕВОЛУЦИЈА. супер 8. 8'18''
работен две години за да се искаже структурата на филмот и еволуцијата во начинот на филмското размислување.

1972-1973. филм: ПОКАНА НА КОЛЕКТИВНО ТВОРЕШТВО . 16 мм. 1'30''
во соработка со група автори.

1973. филм: ПОСЛЕДЕН ЕКСПЕРИМЕНТАЛЕН ФИЛМ . супер 8. 2 30''

1973-1982. мултимедијални проекции на филмови и слајдови. публицистика. литературно преведување . . .

1982. почнува да ја приредува ВИДЕОСФЕРА .

1983. видео: МИОДРАГ ГОРАНОВИЌ - БОСАНСКИ ШАМАЦ. VHS 17'

видео: .ВИДЕО. ФИЛМ. АУДИО И ЕГО ВОДАТ ЉУБОВ ЕДЕН СО ДРУГ VHS. 29

1983/84. видео: КРЕАТИВЕН ИМПУЛС .VHS.19'
видео: ПОРТРЕТ НА СЕЛАНЕЦ РАБОТНИК. VHS. 18'

1984. видео: АУДИО-ВИЗУЕКИЗАЦИЈА НА КАМЕН И ВОДА ВО КАПТИВИТЕТОТ ИЛИ АУДИО-ВИЗУЕЛНА МОДУЛАЦИЈА НА СКУЛПТУРАТА-ОБЈЕКТОТ ОД КАМЕН. ВОДА И СТАКЛО . VHS. 1'55'' четириканална проекција.

видео: ЕГО-УМЕТНОСТ НА НАДВОРЕШНИОТ ИЗГЛЕД И ОДНЕСУВАЊЕ. VHS. 9 50. двоканална проекција.

видео: САКАМ СЛАВА И ПРИЗНАНИЕ: VHS 3'45''

видео: ЕЛЕКТРОНСКО ПЛАТНО. VHS 28'25''

1985. видео: ДВИЖЕЊЕ. VHS 4'20''

видео: MOODS. VHS 3'30''

1986. мултимедијална видео инсталација "ТРАГАЊЕ: ИЗРАЗ/СРЕДСТВО/ЗНАЧЕЊЕ". Дом омладине. Белград

видео: РЕЦИКЛИСАНИ СЛИКИ . VHS 10'

видео: ФРАГМЕНТ . VHS 4'

ВИДЕОСФЕРА .зборник на трудови за видео. во издание на SIC Белград

1987. видео: САТОР РОТАС . со Срѓан Алексиќ Фрапарега. VHS

V ВИДЕО СРЕДБА . Галерија СКЦ. Белград /учество во делот за Југословенската продукција 1986/87

Дом на младите "25 Мај" Скопје
издавач: Гоце Димовски
ликовна програма. галерија
уредник: Небојша Вилиќ
соработник: Маринко Бороевиќ
8.мај.1987 г.